# ПРАВИЛА НА НАГРАДНА ИГРА

# „Чекор до златна добивка”

## Организатор на наградната игра

### Член 1

Организатор на наградната игра **„Чекор до златна добивка”** е Друштвото за производство, трговија и услуги ЖИТО ДООЕЛ увоз-извоз ВЕЛЕС, со седиште на ул.Благој Ѓорев бр.166, Велес, со ЕДБ МК 4004991103546 и ЕМБС 4217616 (во понатамошниот текст: Организатор)

## Име на наградната игра

### Член 2

Официјалното име на наградната игра е **„Чекор до златна добивка”**

## Цел на наградната игра

### Член 3

Целта на оваа наградна игра е рекламирање на услугите на организаторот.

## Територија

### Член 4

Наградната игра ќе се организира и ќе се спроведува на целата територија на Република Северна Македонија, односно во сите подрачни места каде што веќе има Жито маркети, како и во сите подрачни места каде што ќе има новоотворени Жито Маркети за времетраење на наградната игра, вклучувајќи ги, но не ограничувајќи се на следните локации:

| | |
|---|---|
| Продавница бр.12  Кочани | Ул. 29-ти Ноември бб Кочани |
| Продавница бр.45 Превалец Велес | Ул.Ристо Попов бр.52 Велес |
| Продавница бр.10 Жито ВАНЕ ДОМ ВЕЛЕС | Ул.Благој Ѓорев бр.166 Велес |
| Продавница бр.61 Автокоманда Скопје | Ул. Трифун Хаџијанев бр.5 Гази Баба |
| Продавница бр.26 Велес | Ул.Методија Андонов Ченто бр.4 Велес |
| Продавница бр.30 Струмица 1 | Ул. Браќа Миладинови бр.36 Струмица |
| Продавница бр.62 Гимназија Велес | Ул. Оливер Китановски бр. 1  Велес |
| Продавница бр. 64 Битола 3 | Ул. Јанко Полигора бр.2 Битола |
| Продавница бр.65 Илинден 2 Скопје | Ул. 8 бр.77  Б Илинден Скопје |
| Продавница бр. 56 Аеродром Поликлиника Скопје | Ул.Методија Шатаров-Шарло бр.30 Аеродром Скопје |
| Продавница бр.57 Петровец Скопје | Ул.1 бр.1 Петровец Скопје |
| Продавница бр.58 Битола 2 | Ул.Леринска бр.41 Битола |
| Продавница бр. 5 Делчево 2 | Ул.Булевар Македонија бр.45 Делчево |
| Продавница бр.59 Куманово | Ул. Октомвриска Револуција бр.1/1 приз.лок.3 Куманово |
| Продавница бр.60 Македонска каменица | Ул.Александар македноски бр.1А Македонска каменица |
| Продавница бр.7 Интернет Велес | Ул.Христо Татарчев бр.10-А Велес |
| Продавница бр.51 Кирил и Методиј Велес | Ул.Архиепископ Михаил бр.156А Велес |
| Продавница бр.52 Касарна Битола | Ул.Север Југ бр.3 Битола |
| Продавница бр.53 Градинка Велес | Ул. Бане Андреев Ронката бр. 8 Велес |
| Продавница бр.54 Брвеница | Ул.Маршал Тито бр.2А Брвеница |
| Продавница бр.55 Којник Велес | Ул.Максим Горки бр.1 Велес |
| Продавница бр.46 Аеродорм 2 Скопје | Ул.Булевар Јане Сандански бр. 12 Аеродром Скопје |

| | |
|---|---|
| Продавница бр.43 Железара 1 Гази Баба Скопје | Ул.Филип Филиповиќ бр.2А Гази Баба Скопје |
| Продавница бр.47 Аеродром 1 Скопје | Ул.Булевар Јане Сандански бр.67 Аеродром Скопје |
| Продавница бр.48 Влае Скопје | Ул.1606 бр.10 Ѓорче Петров Скопје |
| Продавница бр.49 Чашка | Ул. 8-ми Септември бр.2 Чашка |
| Продавница бр.50 Влез Кочани | Ул.Павлина Вељанова бр.11 Кочани |
| Продавница бр.39 Кисела Вода 2 Скопје | Ул.Димо Хаџи Димов бр.61 Кисела Вода Скопје |
| Продавница бр.40 Бутел 2 Скопје | Ул.Бутелска бр.29Б Бутел Скопје |
| Продавница бр.41 Центар Прилеп | Ул.Кеј 9-ти Септември бр.107 Прилеп |
| Продавница бр.42 Чешиново Облешево | Ул.1 бр.2Б Чешиново Облешево |
| Продавница бр.44 Драчево 1 | Ул.Иван ХаџиНиколов бр.20 Драчево Кисела Вода |
| Продавница бр.63 ЖИТО МАРКЕТ-ДОМ | Ул.Оливер Китановски бр.1 Велес |
| Продавница бр. 33 Валандово | Ул. Никола Карев бр21А Валандово |
| Продавница бр.34 Гостивар 1 | Ул.Беличица бр.115 А Гостивар |
| Продавница бр.35 Ново Лисиче Скопје | Ул.Булевар Видео Смилевски Бато бр.1 Ново Лисиче Скопје-Аеродром |
| Продавница бр.36 Кичево 1 | Ул.Мара Угринова –Гина бр.2 Кичево |
| Продавница бр.37 Градски саат Велес | Ул.8-ми Септември бр.69-5 Велес |
| Продавница бр.38 Аеродром 1 Скопје | Ул.Булевар Јане Сандански бр.70 Аеродром Скопје |
| Продавница бр. 25 Росоман | Ул.Партизанска бр. 4 Росоман |
| Продавница бр.27 Кочани Пазар | Ул. Гоце Делчев бр.12/12 Кочани |
| Продавница бр.28 Демир Капија | Ул.Маршал Тито бр.33 Демир Капија |
| Продавница бр.31 Тетовчанка Тетово | Ул.Благоја Тоска бр.27/Б Тетово |

| | |
|---|---|
| Продавница бр.32 Поток Тетово | Ул. Иво Лола Рибар бр.150 Тетово |
| Продавница бр.19 Илинден Скопје | Ул.9 бр.117 Илинден Скопје |
| Продавница бр.20 Прилеп 2 | Ул.Пенка Котеска 32/Б Прилеп |
| Продавница бр.21 Точила Прилеп | Ул.Војводинска бр.Трг.центар/Точила 1-2 фаза Прилеп |
| Продавница бр.22 Автобуска Виница | Ул.Браќа Миладиновци бр.22 Виница |
| Продавница бр.23 Плоштад Неготино | Ул.Партизанска бр.66 Неготино |
| Продавница бр.24 Делчево | Ул. Маршал Тито Бр.66 Делчево |
| Продавница бр.3 Тања Велес | Ул. Благој Ѓорев бр.104/Б 11 Велес |
| Продавница бр.8 Бутел Скопје | Ул.Бутелска бб Бутел Скопје |
| Продавница бр.9 Жито Ване Велес | Ул.Благој Ѓорев бр.166 Велес |
| Продавница бр.11 Ѓорче Петров Скопје | Ул.Ѓорче Петров бр.31 Скопје |
| Продавница бр.13 Центар Скопје | Ул.11-ти Октомври бр.105 Скопје |
| Продавница бр.14 Соколаана Велес | Ул. Кресенско востание бр.4 Велес |
| Продавница бр.4 Велес | Ул.Ангел Мишев бр.46 Велес |
| Продавница бр.15 Ѓорче 2 Дисконт Скопје | Ул.Кузман Шапкарев бр.16 Ѓорче Петров Скопје |
| Продавница бр.16 Дисконт Велес | Ул. Благој Ѓорев бр.62 Велес |
| Продавница бр. 17 Велес | Ул. Благој Ѓорев бр.183 Велес |
| Продавница бр.18 Градско | Ул.Маршал Тито бр.22 Градско |
| Продавница бр. 2 Трговски Велес | Ул.Благој Ѓорев бр.100/4 Велес |
| Продавница бр.66 Новоселски пат Скопје | Ул. Лука Геров бр. 107 Новоселски пат Ново село |
| Продавница бр.29 Мичурин Скопје | Симеон Кавракиров бр.27 Скопје-Аеродром Аеродром |

| | |
|---|---|
| Продавница бр.6 Трговски Куманово | Трета Македонска Ударна Бригада бр.172/2- лок 6 Куманово |
| Продавница бр.67 Ламели Кичево | Бул.Ослободување бр.101/3 кат ПР Кичево |
| Продавница бр.68 Девеана Кичево | 11-ти Септември бр.1/2, кат ПР-1 ДП Кичево |
| Продавница бр.69 Гостивар Автобуска | Гоце Делчев бр.ЗГР.1, ПР/123 и 4-1, 2,3 и 4 Гостивар |

## Право на учество

## Член 5

Во наградната игра право на учество имаат сите полнолетни граѓани во Република Северна Македонија кои користат лојална Жито Клуб картичка.

Лица под 18 години не може да учествуваат во наградната игра.

Вработените во ДПТУ ЖИТО ДООЕЛ Велес и членовите на потесниот круг на нивните семејства немаат право на учество во наградната игра.

Како членови на потесно семејство се подразбираат татко, мајка, брачен другар или дете.

## Времетраење на наградната игра

## Член 6

Наградната игра ќе започне на 15.05.2023 година и ќе трае до 15.09.2023 година.

## Механизам на наградната игра

## Член 7

1.За секои 500,оо (петстотини) денари на вашата фискална сметка или со купен селектиран бренд/производ кој учествува во наградната игра потрошувачот ќе добие 1(еден) поен кој системски ќе биде регистриран на неговата Жито Клуб картичка.

2.Поените кои што се добиваат за учество во наградната игра се стекнуваат со:

- за секои 500 денари на фискална сметка = 1 поен

Појаснување: За сметка од 500 до 999 ден, купувачот добива 1 поени. За сметка од 1000 до 1499 ден купувачот добива 2 поени итн. т.е за секои дополнителни 500 ден. се добива дополнителен 1 поен.

- купување на селектиран бренд/производ кој учествува во наградната игра= 1 поен

Појаснување: Производите кои учествуваат во наградната игра ќе бидат уредно означени со назнака “награден поен” и истите ќе бидат комуницирани на флаер, постер, електронски/дигитален информатор итн.

3.Со собрани 10 поени потрошувачот ќе добие награден купон во кој треба да се наведат следниве лични податоци:

- име и презиме
- телефонски број
- адреса на живеење
- број на Жито Клуб картичка;

заедно со давање на Изјава за согласност за обработка на личните податоци на учесниците за целите на наградната игра.

4.Со барањето за учество, односно за добивање на награден купон, секој потрошувач задолжително треба да приложи лојална Жито Клуб картичка во која се внесени точни и веродостојни лични податоци. Корисникот на картичката е должен да си ги провери податоците внесени во истата и гарантира дека податоците се точни и веродостојни.

5.Со издавањето на купонот за учество, акумулираните 10 поени системски се бришат.

6.Со собрани 10 (десет) купони за учество, потрошувачот добива 1 (еден) златен купон кој се однесува само за директно учество за главната награда.

7.Сите купони учествуваат во сите извлекувања за споредните награди, а златните купони учествуваат само за извлекување на главните награди.

8.Купонот уредно пополнет, согласно овие Правила за наградна игра, купувачот го внесува во кутијата наменета за собирање купони.

9.Златниот купон уредно пополнет, согласно овие Правила за наградна игра, купувачот го внесува во кутијата наменета за собирање на златни купони.

10.Обележаните кутии за наградната игра ќе бидат уредно и видно поставени во секој Жито Маркет.

11. Овластено лице односно вработен во ДПТУ ЖИТО ДООЕЛ Велес ќе биде задолжен пред секое од извлекувањата и тоа:

-за прво извлекување започнувајќи од 15.06.2023 до 23.06.2023 година

-за второ извлекување започнувајќи од 15.07.2023 до 21.07.2023 година

-за трето извлекување започнувајќи од 15.08.2023 до 25.08.2023 година и

-за четврто извлекување започнувајќи од 15.09.2023 до 29.09.2023 година да ги превземе сите обележани кутии од секоја продавница во која ќе бидат поставени и истите да ги достави во административните просториите на организаторот кој се наоѓа на ул.Вардарска бр.1 во с.Долно Каласлари Велес, каде што на денот на извлекување на наградите определен во член 10 од овие Правила сите кутии ќе бидат јавно отворени и истурени во базен од кој ќе се врши рачно извлекување на наградите.

12. Извлекувањето на добитниците ќе се одвива јавно во присуство на тричлена комисија и нотар кои ќе вршат проверка на извлечените купони, односно преку системско проверување на баркодот на Клуб картичката на извлечениот купон и доколку истиот е со точни податоци ќе биде прогласен за добитник.

**Услови за учество во наградна игра**

**Член 8**

Основен услов за учество во наградната игра е потрошувачот да поседува лојална Жито Клуб картичка. Секој потрошувач кој пазарува во Жито Маркети, а нема Жито Клуб картичка може да аплицира во еден од маркетите.

Секој учесник може да учествува со неограничен број на купони за учество во наградната игра, но може да биде награден само еднаш во тековното извлекување. Во овој случај, неговиот второизвлечен купон ќе биде поништен и ќе се извлекува нов добитник.

Исклучок од ова, е четвртото извлекување кое ќе се одвива во две етапи каде што секој учесник може да учествува со неограничен број на купони, но може да биде еднаш награден во првата етапа каде ќе се извлекуваат споредни награди и еднаш награден во втората епата каде што ќе се извлекуваат главните награди со златен купон.

Организаторот го задржува правото да ги одбие сите купони кои се стекнати на нелегитимен начин, репродуцирани, дуплирани, измислени или модифицирани на било кој начин. Организаторот ќе ги смета за невалидни наградните купони кои не се целосно пополнети со точни и веродостојни лични податоци во согласност со лојалната Жито клуб картичка. Организаторот има право секоја злоупотреба со евентуално фалсификување и/или незаконско размножување на купоните и слично, да ја пријави до надлежните органи за понатамошна постапка и утврдување одговорност.

**Награден фонд на наградната игра**

**Член 9**

Наградниот фонд на наградната игра изнесува 8.147.500,оо (осум милиони, сто и четириесет и седум илјади и петстотини ) денари со вклучен ДДВ.

Како главни награди кои ќе се доделат со златните купони во извлекувањето се:

1х500 грама инвестициско злато во вредност од 1.861.990,оо (еден милион осумстотини и шеесет и една илјада и деветстотини и деведесет) денари

5х100 грама инвестициско злато во вредност од 5 х 373.510 =1.867.550,оо (еден милион осумстотини и шеесет и седум илјади и петсто и педесет) денари

Целосниот награден фонд е составен од следниве награди:

| Награди: | Количина: | Вредност: |
|---|---|---|
| Инвестициско злато 500 гр | 1x 1.861.990 | 1.861.990 ден |
| Инвестициско злато 100 гр | 5x 373.510 | 1.867.550 ден |
| Автомобил | 3 x 988.800 ден | 2.966.400 ден |
| Телевизор | 20 x 16.578 ден | 331.560 ден |
| Потрошувачки ваучер | 140 x 5.000 ден. | 700.000 ден |
| Потрошувачки ваучер | 140 x 3.000 ден. | 420.000 ден |
| | **ВКУПНО** | 8.147.500 ден |

## Извлекување на наградите

## Член 10

Извлекувањето на наградите ќе се одржи во четири извлекувања:

**Прво извлекување** кое ќе се одржи на 24ти јуни 2023 година непосредно пред маркет Жито Ване на ул. Благој Ѓорев бр. 166 во Велес во присуство на трочлена комисија и нотар. Нотарот ќе изготви и потпише записник за спроведеното извлекување. Сите награди ќе бидат извлечени јавно, рачно и еднократно, односно на денот на извлекувањето.

Во првото извлекувањето ќе учествуваат купоните кои ќе бидат оставени во кутиите од 15.05.2023 година до 15.06.2023 година и на 15.06.2023 година до завршување на работното време на маркетите.

Во првото извлекување ќе бидат доделени следниве награди:

-35 ваучери од по 3000 денари

-35 ваучери од по 5000 денари

-5 телевизори

-1 автомобил Киа Рио

**Второ извлекување** кое ќе се одржи на 22ри јули 2023 година непосредно пред маркет Жито Ване на ул. Благој Ѓорев бр. 166 во Велес во присуство на трочлена комисија и нотар. Нотарот ќе изготви и потпише записник за спроведеното извлекување. Сите награди ќе бидат извлечени јавно, рачно и еднократно, односно на денот на извлекувањето.

Во второ извлекувањето ќе учествуваат недобитните купони од првото извлекување и купоните кои ќе бидат оставени во кутиите од 16.06.2023 година до 15.07.2023 година и на 15.07.2023 година до завршување на работното време на маркетите.

Во второто извлекување ќе бидат доделени следниве награди:

-35 ваучери од по 3000 денари

-35 ваучери од по 5000 денари

-5 телевизори

-1 автомобил Киа Рио

**Трето извлекување** кое ќе се одржи на 26ти август 2023 година непосредно пред маркет Жито Ване на ул. Благој Ѓорев бр. 166 во Велес во присуство на трочлена комисија и нотар. Нотарот ќе изготви и потпише записник за спроведеното извлекување. Сите награди ќе бидат извлечени јавно, рачно и еднократно, односно на денот на извлекувањето.

Во третото извлекувањето ќе учествуваат недобитните купони од првите две извлекувања и купоните од кои ќе бидат оставени во кутиите од 16.07.2023 година до 15.08.2023 година и на 15.08.2023 година до завршување на работното време на маркетите.

Во третото извлекување ќе бидат доделени следниве награди:

-35 ваучери од по 3000 денари

-35 ваучери од по 5000 денари

-5 телевизори

-1 автомобил Киа Рио

**Четврто извлекување-Главно извлекување** ќе се одвива во две етапи и тоа: прва етапа извлекување на купони и втора етапа извлекување на златни купони за главна награда. Извлекувањето ќе се  одржи на 30ти Септември 2023 година непосредно пред маркет Жито Ване на ул. Благој Ѓорев бр. 166 во Велес во присуство на трочлена комисија и нотар. Нотарот ќе изготви и

потпише записник за спроведеното извлекување. Сите награди ќе бидат извлечени јавно, рачно и еднократно, односно на денот на извлекувањето.

Во четвртото извлекувањето прва етапа ќе учествуваат недобитните купони од првите три извлекувања, и купоните кои ќе бидат оставени во кутиите од 16.08.2023 до 15.09.2023 година и на 15.09.2023 година до завршување на работното време на маркетите.

Во првата етапа од четвртото извлекување ќе бидат доделени следниве награди:

-35 ваучери од по 3000 денари

-35 ваучери од по 5000 денари

-5 телевизори

Во четвртото извлекувањето втора етапа ќе учествуваат само златните купони и златните купоните кои ќе бидат оставени во кутиите од 15.05.2023 година до 15.09.2023 година и на 15.09.2023 година до завршување на работното време на маркетите.

Во втората етапа од четвртото извлекување ќе бидат доделени следниве награди:

-5 плочки од по 100 грама инвестициско злато

-1 плочка од 500 грама инвестициско злато

## Објава на добитници

## Член 11

Организаторот на наградната игра јавно ќе ги објави добитниците од секое извлекување во рок од 3 (три) дена од денот на извлекувањето во дневен весник Слободен печат кој е достапен на целата територија на која се приредува наградната игра, на WEB страната на Жито Маркети www.zitomarketi.com.mk, на FACEBOOK страната на Жито Маркети www.facebook.com/zito.marketi со објавување на име и презиме на добитниците.

## Подигање на награди

## Член 12

Добитниците на наградите – Потрошувачки ваучер од 5.000 денари и Потрошувачки ваучер од 3.000 денари, ќе можат да ги подигнат од најблискиот Жито маркет во нивен реон,  во рок од 30 (триесет)  дена од денот на извлекувањето, а организаторот на наградната игра е должен да ги достави горенаведените награди до најблискиот Жито маркет или непосредно на место во договор со добитникот.

Добитниците на наградите –Автомобил, телевизор и главните награди - инвестициско злато, ќе можат да ги подигнат во административните просториите на организаторот кој се наоѓа на ул.Вардарска бр.1 во с.Долно Каласлари Велес во рок од 30 (триесет) дена од денот на извлекувањето.

Организаторот е должен во рок од 30 (триесет) дена согласно пријавените податоци на Жито клуб картичка, телефон и маил, да го контактира добитникот за наградата. Во случај организаторот да не може да изврши достава на наградите согласно податоците во Жито клуб картичка во рок од 30 (триесет) дена од денот на секое извлекување на наградната игра како и во случај добитниците да не ги подигнат наградите во дадениот рок согласно правилата и условите на Наградната игра, го губат правото на подигнување на наградите и тие награди ќе останат недоделени.

Добитникот на наградата е должен да ја подигне лично или друго лице со писмено овластување во негово име, а за негова сметка со писмено заверено полномошно на нотар.

## Запознавање на наградната игра

## Член 13

Официјалните правила на наградната игра по добивање согласност од Министерство на Финансии пред започнување на наградната игра, ќе бидат објавени на официјалната WEB страна на Жито Маркети.

Учесниците на наградната игра ќе можат да се информираат за Официјалните правила на наградната игра преку различни информативни – рекламни материјали поставени видно во секој Жито маркет, рекламни

средства, видео реклама, билборд, постер, флаер и на официјалната FACEBOOK страна на Жито Маркети.

## Замена на награди

## Член 14

Учесниците во наградната игра немаат право да бараат награди во поголема вредност или од различен вид од назначените во официјалните правила од страна на организаторот.

Замена на наградите со други предмети или други противвредности не е дозволена. Во ниеден случај нема да биде доделен поголем број на награди од назначениот.

## Приговори

## Член 15

Секој незадоволен учесник во наградната игра кој има приговор или рекламација околу оваа активност, има право писмено да поднесе приговор до Организаторот на наградната игра и за истото да добие писмено известување од Организаторот во рок од 10 (десет) дена, од денот на поднесувањето на приговорот.

Приговорите и рекламациите се сметаат за благовремено поднесени, доколку се доставаат најдоцна во рок од 5 (пет) дена од денот на официјалното објавување на добитниците на наградите.

## Одговорност

## Член 16

Потенцијалниот учесник во оваа наградна игра ги разбира правилата и условите на наградната игра и се согласува дека учествува во наградната игра по своја сопствена волја.

Организаторот на наградната игра не издава гаранција дека учесникот ќе добие награда доколку учествува со поголем број на купони.

Организаторот не подлежи на одговорност доколку наградата не може да биде доделена или искористена поради неможност на добитникот или негов

овластен преставник да ја подигне наградата во определениот рок за подигнување на наградите, околности предизвикани од виша сила, нормативни или законски ограничувања или секакви други околности кои се надвор од контрола на Организаторот.

Организаторот нема одговорност за задоцнети или загубени или оштетени наградни купони или купони кои се нецелосно потполнети согласно податоците во Жито клуб картичката.

## Користење на лични податоци

## Член 17

Секој учесник во Наградната игра дава Изјава за согласност за обработка на личните податоци, а секој добитник на награда потпишува Потврда при подигање на наградата, Изјава за согласност за обработка на личните податоци, како и опционо (доколку постои волја кај добитникот) Изјава за согласност да биде фотографиран и снимен, а неговите фотографии и снимен материјал да се обработуваат за целите на наградната игра и истите да се објавуваат на медиуми (пишани, електронски, телевизија и др.), но и за цели на вршење директен маркетинг на производите и услугите на сите поврзани друштва со Организаторот. Добитникот при подигање на наградата, должен е да прикаже на увид лична карта со цел негова идентификација и утврдување на правото на учество во наградната игра.

Во согласност со Правилата, личните податоци на учесниците (име и презиме, телефонски број, адреса на живеење со улица и број, место и општина, број на ЖИТО клуб картичка) и добитниците (име и презиме, телефонски број, адреса на живеење со улица и број, место и општина, број на ЖИТО клуб картичка, како и ЕМБГ за доделување односно испорака на добиената награда и плаќање на личниот данок на доход за наградите кои се во повисока вредност од 5.000,00 денари), можат да бидат обработувани од страна на Организаторот за остварување на легитимни цели, односно законски обврски.

Согласноста на учесниците/добитниците вклучува собирање, евидентирање, организирање, чување, приспособување или промена, повлекување, консултирање, употреба, откривање преку пренесување, објавување или на

друг начин правење достапни, изедначување, комбинирање, блокирање, бришење или уништување на личните податоци. Обработката и преносот на податоци од страна на Организаторот на наградната игра е со цел да се оствари промоција на производите и услугите кои се предмет на оваа активност, односно полесно да се реализира и обработи секој учесник/добитник индивидуално во наградната игра во согласност со овие Правила.

Секој учесник/добитник има право во секое време да се обрати до Организаторот на наградната игра и да ја повлече согласноста за обработка на неговите лични податоци за цел на директен маркетинг, наведувајќи ги притоа неговите лични податоци неопходни за идентификација на субјектот.

Доколку лицето не ги наведе соодветните лични податоци од претходниот став, односно истото не може да се идентификува, неговото барање нема да се спроведе.

**Даночни обврски**

**Член 18**

Даночните обврски за добитниците на наградите ги плаќа Организаторот на наградната игра во име и за сметка на добитникот. Организаторот е одговорен за сите даноци, надоместоци и одговорности поврзани за наградите.

**Одржување на наградната игра**

**Член 19**

Наградната игра по добивањето на дозволата за одобрение од Министерство за финансии може да се откаже во случај на виша сила, како и во ситуација кога не постои можност Организаторот да има независност во спроведувањето на наградната игра.

Во Случај на откажување на наградната игра, Организаторот навремено ќе ги информира потрошувачите за откажувањето на наградната игра, за причините поради кои се откажува наградната игра, како и за датумот на

откажување со објавување на официјалната WEB страна на Жито Маркети и на официјалната FACEBOOK страна на Жито Маркети.

## Важност на правилата на наградната игра

## Член 20

Овие официјални правила важат од денот на нивното донесување, а ќе започнат да се применуваат откако Министерството за Финансии ќе издаде дозвола за приредување на наградната игра и истите ќе важат се до завршувањето на истата. Со учество во наградната игра секој учесник ги прифаќа сите права и обврски во овие правила.

## Евентуални спорови

## Член 21

Секое несогласување помеѓу Организаторот и учесниците во наградната игра ќе се решаваат спогодбено, а во случај на спор за истиот ќе решава надлежниот суд во Велес и во согласност со важечките закони во Република Северна Македонија.

**Организатор на наградната игра:**

**ДПТУ ЖИТО ДООЕЛ ВЕЛЕС**

Управител: Далибор Ѓошевски

________________________

**ДПТУ„ЖИТО“ извоз-увоз ДООЕЛ-Велес**
Благој Ѓорев бб, 1400 Велес, Р. Македонија
Жиро с-ка: 300270000012487 - Комерцијална Банка
200000006875837 - Стопанска Банка
IBAN: MK07300701000451308 SWIFT: KOBSMK2X
ЕДБ: МК 4004991103546
Тел/Факс: +389 43 226-990; +389 43 230-552
www.zito.com.mk info@zito.com.mk

Друштво за производство, трговија и услуги ЖИТО извоз-увоз ДООЕЛ Велес, со седиште на улица „Благој Ѓорев “ број 166 -Велес, со ЕМБС 4217616 и ЕДБ 4004991103546, застапувано од управителот Далибор Ѓошевски; на ден 14.09.2023 година, ги донесе следните:

**Измени и дополнувања на**
**ПРАВИЛА НА НАГРАДНА ИГРА ,,Чекор до златна добивка” бр.0306-25 од 19.04.2023 година**

**Член 1**

Предмет на овие Измени и дополнувања, е измена на член 10 од официјалните Правила на наградна игра ,,Чекор до златна добивка” врз основа на издадената Дозвола за приредување на наградна игра број 13-3432/3 од 12.05.2023 година издадена од Министерство за финансии на Република Северна Македонија, донесени од Организаторот ДПТУ ЖИТО ДООЕЛ Велес, заведени под архивски број на Организаторот 0306-25 од 19.04.2023 година (во понатамошниот текст: „Правила на наградна игра“), односно промена на местото/локацијата за **Четврто извлекување-Главно извлекување на награди од Наградната Игра.**

**Член 2**

Со овие Измени и дополнувања се менува член 10 од Правилата за наградна игра, и тоа **во делот за местото на одржување на Четвртото извлекување-Главно извлекување на награди од Наградната Игра, кое наместо пред маркет Жито Ване на ул. Благој Ѓорев бр. 166 во Велес, ќе се одржи во** Младински Парк-амфитетар во Велес на улица Моша Пијаде во Велес; па сега член 10 од Правилата за наградна игра, ќе гласи:

***„ Извлекувањето на наградите ќе се одржи во четири извлекувања:***
***Прво извлекување кое ќе се одржи на 24ти јуни 2023 година непосредно пред маркет Жито Ване на ул. Благој Ѓорев бр. 166 во Велес во присуство на тричлена комисија и нотар. Нотарот ќе изготви и потпише записник за спроведеното извлекување. Сите награди ќе бидат извлечени јавно, рачно и еднократно, односно на денот на извлекувањето.***
***Во првото извлекувањето ќе учествуваат купоните кои ќе бидат оставени во кутиите најдоцна до 15.06.2023 година и на 15.06.2023 година до завршување на работното време на маркетите.***
***Второ извлекување кое ќе се одржи на 22ри јули 2023 година непосредно пред маркет Жито Ване на ул. Благој Ѓорев бр. 166 во Велес во присуство на тричлена комисија и нотар. Нотарот ќе изготви и потпише записник за спроведеното извлекување. Сите награди ќе бидат извлечени јавно, рачно и еднократно, односно на денот на извлекувањето.***
***Во второ извлекувањето ќе учествуваат недобитните купони од првото извлекување и купоните кои ќе бидат оставени во кутиите најдоцна до 15.07.2023 година и на 15.07.2023 година до завршување на работното време на маркетите.***

***Трето извлекување кое ќе се одржи на 26ти август 2023 година непосредно пред маркет Жито Ване на ул. Благој Ѓорев бр. 166 во Велес во присуство на трочлена комисија и нотар. Нотарот ќе изготви и потпише записник за спроведеното извлекување. Сите награди ќе бидат извлечени јавно, рачно и еднократно, односно на денот на извлекувањето.***
***Во третото извлекувањето ќе учествуваат недобитните купони од првите две извлекувања и купоните од кои ќе бидат оставени во кутиите најдоцна до 15.08.2023 година и на 15.08.2023 година до завршување на работното време на маркетите.***
***Четврто извлекување-Главно извлекување ќе се одвива во две етапи и тоа: прва етапа извлекување на купони и втора етапа извлекување на златни купони за главна награда. Извлекувањето ќе се одржи на 30ти Септември 2023 година во Младински Парк-амфитетар во Велес на улица Моша Пијаде во Велес, во присуство на трочлена комисија и нотар. Нотарот ќе изготви и потпише записник за спроведеното извлекување. Сите награди ќе бидат извлечени јавно, рачно и еднократно, односно на денот на извлекувањето.***
***Во четвртото извлекувањето прва етапа ќе учествуваат недобитните купони од првите три извлекувања, и купоните кои ќе бидат оставени во кутиите најдоцна до 15.09.2023 година и на 15.09.2023 година до завршување на работното време на маркетите.***
***Во четвртото извлекувањето втора етапа ќе учествуваат само златните купони и златните купоните кои ќе бидат оставени во кутиите најдоцна до 15.09.2023 година и на 15.09.2023 година до завршување на работното време на маркетите.“.***

**Член 3**

Сите останати одредби од Правилата за наградната игра **,,Чекор до златна добивка” бр.0306-25 од 19.04.2023 година;** останувaат непроменети.

**Член 4**

Овие Измени и дополнувања на Правилата на наградната игра стапуваат на сила на денот на добивање на одобрување/дозвола за Измена на Правила на наградна игра од Министерство за финансии.

**За ЖИТО ДООЕЛ извоз-увоз**
**Велес, Управител**

______________________
**Далибор Ѓошевски**